РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2186/3
01.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 20. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.5.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јаѓага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски (годишен одмор).

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Ивона Муфишева, Горан Радуновиќ, Јетон Исмаили, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 20. седница на Советот. Седницата почна во 12:15 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Во однос на предложениот Дневен ред, претседателот Стефановски информира дека Точка бр. 1 – Предлог-записник од 19. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.5.2026 година, се одложува за следната седница, бидејќи временскиот период помеѓу завршувањето на 19. седница и почетокот на оваа седница е премногу краток за да може записникот навремено да се изработи.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

### ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 19. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.5.2026 година.
2. Предлог за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 19. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.5.2026 година, поради краткиот временски период за негова техничка подготовка и изработка.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година Објасни дека предложеното дополнување произлегува од Одлуката на Советот за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата, донесена на претходната седница, со цел да се овозможи спроведување на јавна набавка за услуга – поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа. Посочи дека проценетата вредност на набавката изнесува 2 милиони денари и дека истата ќе се спроведе како групна јавна набавка заедно со Министерството за спорт, како друг корисник на лифтовите. Дополнително наведе дека, по усвојувањето, дополнетиот Годишен план за јавни набавки за 2026 година ќе биде објавен на веб-страницата на Бирото за јавни набавки, по што на една од наредните седници ќе биде предложена точка за распишување на јавната набавка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, со текст како што беше предложен.

Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, се дополнува со набавката-услуга: Поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа.

За дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година бр.05-869/1 од 04.03.2026 година, потребните средства во вкупен износ од 2.000.000,00 денари без ДДВ, се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година, врз основа на Одлуката за зголемување на Финансискиот план за 2026 година која е донесена на 19-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 21.05.2026 година.

Постојниот Годишен план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-869/1 од 04.03.2026 година, се дополнува на следниот начин:

- *Главата II.* Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се дополни со следната јавна набавка, и тоа: Поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа, како точка бр.45, и тоа:

| бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапката | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на набавка/рамков на спогодба без ДДВ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| II. | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | |
| 45. | **Поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа** | услуга | поедноставена отворена постапка | мај | 2.000.000,00 |

Со додавањето на напред наведената нова набавка, ќе се изврши редоследно усогласување на набавката содржана во главата III. на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**